Платформа за истражувачко новинарство и анализи

e mail - info@pina.mk
web: pina.mk
phone 00 389 70 931 775

# ПИНА - ГОДИШЕН НАРАТИВЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2024

Во текот на 2024 година, ПИНА - Платформа за истражувачко новинарство и анализи остана доследна на својата мисија и продолжи со спроведување на главните програмски активности кои претставуваат основа на нејзината работа. Овие активности беа насочени пред сѐ кон поддршка и развој на младите новинари, охрабрување и зајакнување на жените во новинарството, како и кон поширокото медиумско опкружување. Преку организирање обуки, работилници, менторски програми и јавни настани, ПИНА овозможи простор за личен и професионален развој, особено на младите и жените кои сакаат активно да учествуваат во медиумската сфера.

Покрај фокусот на овие целни групи, ПИНА активно работеше и на проекти поврзани со унапредување на медиумската писменост, етичко и одговорно новинарство, како и поттикнување критичко размислување кај пошироката јавност. Овие активности се реализираа преку соработка со голем број професионалци, и од земјата и од странство, со цел создавање поквалитетно медиумско окружување и зајакнување на демократските процеси.

Преку ваквиот пристап, ПИНА ја зацврсти својата улога како значаен актер во областа на медиумите, придонесувајќи кон развој на професионални, етички и инклузивни медиумски практики во земјата и регионот.

РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТНИ АКТИВНОСТИ:

## Програма за млади новинари



ПИНА во 2024 продолжи да ја спроведува Програмата за млади новинари, во која членуваат околу десетина новинари активни на


ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИ
НА ПРОГРАМА ЗА МЛАДИ НОВИНАРИ






домашната медиумска сцена. Преку оваа програма, учесниците добија можност за неформално образование, индивидуално менторство и практична работа. Избраните млади новинари работеа на стории што се однесуваат на теми како добро управување, транспарентност и отчетност на институциите, како и борбата против корупцијата. Програмата беше осмислена да ги поттикне критичкото размислување и истражувачкиот пристап кај младите медиумски професионалци, овозможувајќи им да стекнат реално искуство и да придонесат кон создавање на одговорно новинарство.

## Програма за жени новинари

Платформата за истражувачко новинарство и анализи – ПИНА во 2024 ја реализираше третата Програма за жени новинари. Програмата понуди менторства и поддршка за жени новинари, како и финансиски надоместок за сториите кои новинарките ги изработија. Оваа година во програмата се пријавија дури 30






новинарки, што е рекорден број на пријавени членови во мрежата за



жени новинарки која постојано се проширува. Програмата нуди можност за вмрежување на новинарките и неформална едукација, со цел да се адресираат специфични прашања кои ги засегаат жените во медиумите. Исто така, дава поддршка за изработка на стории, со која беа изработени околу 30 новинарски теми објавени на pina.mk поврзани со доброто владеење, транспарентноста и отчетноста на институциите, корупцијата, слободата на медиумите итн.

## Медиумски Фестивал Скопје

Во 2024 година, ПИНА по осми пат го организираше Медиумскиот фестивал Скопје, настан посветен на новинарството и медиумите, единствен од ваков тип во Македонија. Последното издание на фестивалот кое се одржа во ноември во Котур Кафе, беше фокусирано на локалното новинарство и предизвиците на локалните медиуми и новинари.
На отворањето на фестивалот, новинари од повеќе градови низ Македонија дискутираа за состојбата на локалното новинарство




денес и предизвиците со кои се соочуваат во локалните средини



работејќи на новинарски стории, но и на проблемите поврзани со






лошите услови за работа, нецененењето на трудот на локалните новинари, нередовните плати и други проблеми со работничките права. Традиционално, фестивалот понуди и бројни работилници за новинарите, како и разни дискусии фокусирани на повеќе медиумски теми.




Како и секоја година, посебен дел од фестивалот беше посветен на младите новинари и жените новинарки, со што се вложува во збогатување на домашната медиумска сцена. Сите детали за фестивалот може да се погледнат на фестивалскиот веб сајт mfs.mk и социјалните мрежи на ПИНА и МФС.




KOTUR cafe and film
28



LOCAL VOICES
8 MEDIA FESTIVAL SKOPJE 2024
26
28
NOVEMBER
KOTUR cafe and film
Платформа за истражувачко новинарство и анализи